# ЕВРОДИЈАЛОГ

# 9

**ЕВРОДИЈАЛОГ 9** | **EURODIALOGUE 9**
Списание за европски прашања | Journal for European issues

**Издавачи:** | **Published by:**
НИП „Студентски збор", Скопје | University Publishing House "Studentski Zbor", Skopje
Центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум, Скопје | "Studiorum" Centre for Regional Research and Cooperation, Skopje

**За издавачите:** | **On behalf of the publishers:**
Д-р Томе Груевски | Tome Gruevski Ph.D.

**Редакциски одбор:** | **Editorial Board:**
Д-р Дејан Мицковиќ, **главен и одговорен уредник** | Dejan Mickovic Ph.D. **Editor in Chief**

Д-р Ванчо Узунов | Vanco Uzunov Ph.D.
Д-р Татјана Петрушевска | Tatjana Petrusevska Ph.D.
Д-р Зоран Костов | Zoran Kostov Ph.D.
Драган Тилев | Dragan Tilev
М-р Александар Матовски | Aleksandar Matovski M.A.

М-р Неда Милевска, **извршен уредник** | Neda Milevska M.A., **Executive Editor**

**Дизајн на корица:** | **Cover page design:**
Кочо Фидановски | Koco Fidanovski

**Технички уредник:** | **Layout:**
Предраг Китановски | Predrag Kitanovski

**Лектура:** | **Proofreading:**
Борче Апостолов | Borce Apostolov

**Печати:** | **Printed and bound in Macedonia, by**
Медиа Конект, Скопје | Media Connect, Skopje

# ЕВРОДИЈАЛОГ

## СПИСАНИЕ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Студентски збор,
Скопје, декември 2006

*Проектот Евродијалог беше иницијално поддржан од Европската унија, преку Европската иницијатива за демократија и човекови права. Овој број на Евродијалог е поддржан од Владата на Република Македонија.*

*Мислењата изразени во списанието се авторски.*

*Evrodijalog project had been initially supported by the European Union, through the European Initiative for Democracy and Human Rights. This issue of Evrodijalog has been financially supported by the Government of the Republic of Macedonia.*

*The views expressed herein are those of authors.*

# СОДРЖИНА:


Кевин П. КЕРНС
**ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТ ЗА СТРАТЕШКО ЛИДЕРСТВО ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАВЕН СЕКТОР ....... 7**

Елисавета СТИКОВА
**НАДЛЕЖНОСТИ НА СЛУЖБИТЕ ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА РАБОТА ....... 25**

Зоран КОСТОВ
**САЈБЕР ИСКЛУЧЕНОСТ НА И ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ....... 59**

Александра НАЌЕВА-РУЖИН
**ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....... 85**

Македонка ДИМИТРОВА
**МАКЕДОНИЈА КОН ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ....... 115**

Татјана ЗОРОСКА-КАМИЛОВСКА
**ПРОЦЕСНИ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК ....... 133**

Келменд ЗАЈАЗИ
**УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ....... 155**

Елена ИГНОВСКА
**ИЗДРЖУВАЊЕ НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ ПО РАЗВОДОТ НА БРАКОТ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД ЕУ ....... 171**

**Литература:**

Buldioski, G., Bitiki, F., Gaber-Damjanovska, N., Nuredinoska, E., Zajazi, K., Sazdovska, S., Gerasimovska-Kitanovska, B., Klekovski, S., *CIVICUS Civic Society Index for Macedonia,* MCIC, Skopje, 2005

*London School Of Economics Global Civil Society*, Oxford University Press, New York, 2003.

*National Human Development Report*, UNDP, Skopje, 2004.

*Early Warning Report*, UNDP, Skopje, 2005.

*NGO Address Book of Macedonia*, Macedonian Center for International Cooperation, Skopje, 2003.

Wyatt, M., Zajazi, K., *A Handbook of NGO Governance*, ICNL, Budapest, 2004.

*Non-profit Sector Analysis*, Institute for Sustainable Communities, Skopje, 2001.

*NGO Sustainability Index*, USAID, Skopje, 2003.

*NGO Sustainability Index*, USAID, Skopje, 2004.

Werner Waidenfeld, Volvgang Vesels, *Europa Von A Bis Z, Skopje, 2002.*

Елена ИГНОВСКА

# ИЗДРЖУВАЊЕ НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ ПО РАЗВОДОТ НА БРАКОТ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД ЕУ

## 1. Вовед

Семејно правната регулатива варира во определени решенија не само споредбено од едно национално законодавство до друго, туку и во рамките на правниот систем на една држава, низ историската димензија, изразувајќи го динамичниот карактер на семејството и односите во семејството. Правното регулирање на оваа сфера е директно условено од социолошката констелација на определен простор и во определено време. Обидувајќи се да гарантира определена сигурност во уредувањето на односите во семејството, истовремено се соочува со потребата за антиципирање на идните трендови и навремена реакција со нивно имплементирање во позитивното право.

Прецизно, сеопфатно и изедначено дефинирање на семејството е исклучително тешка задача, доколку се има предвид неговата социолошка, антрополошка, исто-

Авторот е помлад асистент на Институтот по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан први“ во Скопје

риска и правна димензија. Развојот на семејството, условен од сите овие фактори се изразува особено низ фактот што неговата правна перцепција ја дозволува или ограничува неговата динамика. На тој начин правото треба да одржува постојан паралелен ôд со промените во семејството како општествена категорија, истовремено поставувајќи ги границите со цел воспоставување на соодветна правна сигурност.

Ваквите радикални промени особено беа предмет на дискусија од почетокот на шеесетите години во западните индустриски општества, каде што правните норми од областа на бракот, разводот, обврските за издршка меѓу членовите на семејството, односите меѓу родителите и децата, особено статусот на децата родени надвор од брачна заедница, па сè до дилемите за правно препознавање на хомосексуалните заедници беа подложни на постојани флуктации. Сето тоа доведе до значителни контрасти во семејно-правната регулатива во различни европски земји.

Значајно е да се забележи дека, реформите во Семејното право постепено и парцијално (во секоја земја поединечно), доведоа до отстранување на драстичните разлики во семејно правната регулатива, и нивно меѓусебно приближување, но сè уште не постои унифициран модел кој ќе ги обедини под ист покрив и еднакво ќе ги задоволи потребите на различните семејно правни системи.

Во овој момент, целосна хармонизација на семејното право во рамките на Европската унија не постои.

Чл. К.1 во рамките на столбот за соработка во судството и внатрешните работи ја овласти ЕУ да преземе чекори со цел „засилување на судската соработка во граѓанските и кривичните предмети", што всушност обезбеди правно орудие за воведување на одредби од полето на Меѓународното приватно право, што би значело и поконкретно во Семејното право. На тој начин се раѓа Првата бриселска конвенција[1], чија што цел беше, главно да се забрза унификацијата на меѓународното приватно право како чекор понапред во европските интеграции. Но, тука се игнорираше уредувањето на семејно-правната материја, а сепак

[1] (Brussels I Convention) Intergovernmental Brussels Convention on Jurisdiction and Enforcement of Judgments in Civil and Commercial matters (1968)



беше од значење на патот кон Втората бриселска конвенција[2], која што пак водеше до Втората бриселска регулатива[3]. Оваа регулатива е од особено значење за семејното право, особено поради тоа што воведува одредби за семејството per se, а не како составна компонента на некоја друга област (на пример, како што беше случај со одредбите од Договорите од Мастрихт и Амстердам). Покрај тоа што уредува надлежност и меѓусебно препознавање (меѓу земјите членки на ЕУ) на пресудите во семејните спорови, семејно-правната материја ја поставува во две категории:

1. во постапките за брачни спорови и
2. споровите за чување и издржување на заедничките деца по престан на бракот.

Во рамките на првата категорија се обработува поништувањето на бракот, правното разделување (legal separation кое што не го познаваат позитивните семејно-правни одредби на Р.М.), како и разводот, без да се посвети посебно внимание на прашањето за делбата на заедничкиот имот и за издржувањето меѓу брачните другари.

Токму поради тоа, во понатамошниот текст ќе се обработува издржувањето на брачните другари низ призма на одделните решенија во националните законодавства на земјите членки на ЕУ (во услови кога сè уште не постои унификација на семејното право), паралелно со приказот на решенијата од Законот за семејството на РМ во однос на ова прашање.

## 2. Причини за развод на бракот во однос со определување на издржувањето на брачните другари по разводот

Најпрво, основна точка од која се тргнува е тоа што, издржувањето на брачните другари по развод на бракот секогаш треба да биде уредено со исти правила на еднаков начин, независно

[2] (Brussels II Convention) Convention on Jurisdiction and the Recognition and Enforcement of Judgments in Matrimonial Matters and in Matters of Parental Responsibility for Children of both Spouses", која влезе во сила 1 март 2001, според Council Regulation (EC) No 1347/ 2000 од 29 мај 2000

[3] Council Regulation 1347/2000 [2000] O.J.L 160/19, Регулатива која што не се применува во Данска, влегла во сила 1 март 2001

од типот на развод на бракот. Ваквиот заклучок произлегува логично ако се има предвид дека станува збор за определување на издржување на необезбедениот брачен другар по разводот на бракот. Тука единствен релевантен факт е дека бракот е разведен, а не и причините кои довеле до развод на бракот, и покрај тоа што издржувањето може да се бара во самата постапка за развод на бракот, и во овој случај, се одлучува со истата пресуда со која што бракот се разведува[4].

Република Македонија, се определи за систем на развод на бракот каде што вината на брачните другари како причина за развод не се испитува. Според Законот за семејството на Република Македонија[5], брачните другари можат да се разведат ако:

1) постигнале заемна согласност дека бракот треба да се разведе (и во тој случај судот не навлегува во испитување на причините, вината или совесноста на страните, туку својата одлука ја заснова врз основа на фактот што таквата спогодба ја постигнале слободно, сериозно и непоколебливо);

2) по барање на еден од брачните другари ако брачните односи се до таа мера нарушени што заедничкиот живот станал неподнослив (судот ова го испитува како факт, независно од тоа кој од брачните другари е виновен за настанување на таквата „неподносливост") и

3) брачната заедница фактички престанала подолго од една година (повторно, судот нема причина да навлегува во испитување на субјективните елементи).

Спротивно на тоа, вината на брачниот другар кој што бара издржување по развод на бракот може да биде одлучувачка за судот да го одбие неговото барање доколку тој грубо и недолично се однесувал во брачната заедница без сериозен повод или го напуштил брачниот другар без оправдана причина.

Доколку поставиме еден компаративен преглед во поглед на причините за развод на бракот, ќе забележиме дека поголем

4 Според Законот за семејството на Р.М (пречистен текст),чл. 218 ст. 2, издржување може да бара необезбедениот брачен другар и после пресудата со која бракот се развел, со посебна тужба, само доколку условите за издржување постоеле во моментот на заклучување на главната расправа во постапката за развод и непрекинато траеле до заклучување на главната расправа во постапката за издржување

5 чл. 42, 43, 44, Закон за семејството (пречистен текст)



број земји, во своите реформи за олеснување на разводот, причините ги редуцираат и ги сведуваат на единствена „неповратно пропаѓање на бракот" (Irretrievable breakdown of the marriage), како што е во Англија, Холандија, Русија. Во овие земји, иако навидум наликува дека постои апсолутно либерален режим за да се разведе бракот, поради можноста оваа причина да се толкува во своето широко значење, всушност не е така. Имено, во рамки на наведената единствена причина, се вметнати дополнителни факти кои се релевантни за судот да го разведе бракот, и многу често вината е од пресудно значење.

Според критериумот дали вината игра улога кога се одлучува за разводот на бракот или таа воопшто не се испитува, бидејќи нејзиното постоење е ирелевантно, може да се определи и степенот на либералност на системот на развод на бракот. Согласно на тоа, Република Македонија има мошне либерален систем на развод на бракот.

Но, значењето на вината како причина за развод на бракот не е пропорционално со нејзиното значење за определување на издржувањето. Имено, Република Македонија е типичен пример, бидејќи не ја зема предвид вината во постапката за развод, но ја испитува кога станува збор за издржувањето. Спротивно на ова, Англија, многу помало внимание ѝ дава на вината кога се одлучува за издржувањето, бидејќи одлучувачки факт е недостатокот на средства на необезбедениот брачен другар.

Дали вината е релевантна кога се одлучува за издржувањето по разводот на бракот, всушност ни го определува самиот карактер на издржувањето. Имено, кога таа не се испитува, функцијата на издржувањето е исклучиво социјална - да се обезбеди необезбедениот брачен другар, и обратно, кога таа е од значење во постапката за издржување, нејзиното присуство ги намалува шансите на необезбедениот но несовесен брачен другар, како начин на санкција за неговото однесување во текот на брачната заедница, што повеќе ја нагласува "праведливата" димензија на овој институт.

Така на пример, во Бугарија право на издржување има само оној брачен другар што не е виновен за престанокот на бракот[6].

6 Закон за семејството, чл 83

Вината, при определување на издржувањето е ирелевантна во Шведска и во Холандија. Холандија е особено интересна, со оглед на фактот што ја зема предвид вината кога бракот се разведува по барање на едниот брачен другар[7], а е амбивалентна кога станува збор за нејзиното влијание врз издржувањето. Впрочем, и брачниот другар кој бил виновен за бракот да се разведе (тужениот во постапката за развод), има право да поднесе барање да биде издржуван по развод на бракот и големи шанси неговото барање да биде прифатено доколку тој нема доволно средства за сопствена издршка.

Според грчкиот Hellenic Civil Code, причините за развод на бракот се сведени на три категории, меѓутоа во рамки на „неповратното пропаѓање на брачната врска", треба да се докаже однесувањето кое довело до таква нарушеност на односите што консеквентно ја посочува „свесната вина" како причина за развод на бракот. (чл. 1439 1HCC). Вината како доказ за „значително нарушување на брачната врска" се претпоставува дека постои во случај на бигамија, неверство, напуштање на брачниот другар, закана по неговиот живот[8]. Овој факт е од значење за определување на издржувањето, бидејќи дава можност судот да го одбие или лимитира издржувањето доколку разводот бил предизвикан со вина на лицето кое што ја бара издршката. Во овој случај, вината која што е причина за развод на бракот може да се искористи и кога се одлучува по барањето за издржување, што всушност не ја исклучува можноста вината да се испитува кога до развод на бракот дошло поради другите причини (со заемна согласност на брачните другари или со фактички прекин - односно официјално прогласено отсуство на еден од брачните другари). Како што споменав, рестриктивно „подведување" на причините за развод на брак под единствена „неповратно пропаѓање на бракот" постои

[7] Не ја испитува вината секогаш, напротив само во случајот кога другиот брачен другар се противи на фактот дека дошло до „неповратно нарушување на бракот", и поради тоа лицето кое се повикува на тој факт, мора и да го докаже. Дијапазонот на докажување е мошне широк, најчесто со докажување дека постоело неверство, сериозна навреда, хомосексуално однесување, вештачка инсеминација без согласност на сопругот итн.

[8] Се докажува според Hellenic Code of Civil Procedure, Книга Бр. 2, Глава 12, Наслов 1, чл 335-465)



во Англија, но тука, во рамките на оваа причина задолжително е присуството на најмалку еден од петте факти.[9] Во рамките на единствената причина се испитува и вината, и доколку се утврди дека таа не постои, судот има дискреционо право да го одбие барањето за развод и во случај кога е очигледно дека „брачната заедница не може да опстане".[10] Ова, консеквентно е од значење и за издржувањето, бидејќи не може необезбедениот брачен другар да бара издржување по развод на бракот, со оглед на фактот што бракот воопшто не се развел (брачните другари имаат обврска да се издржуваат меѓусебно во текот на бракот).

Од горе наведеното, може да заклучиме дека, Република Македонија во однос на другите земји има релативно либерален систем за развод на бракот, со оглед на тоа што не ја зема предвид вината како причина за развод, но во истата постапка може да ја испитува, доколку се одлучува за издржување на брачните другари. Ова претставува соодветна корекција која што го „раздрува" исклучиво социјалниот карактер на издржувањето (материјална поддршка на необезбедениот брачен другар), а го санкционира „виновното однесување" во текот на бракот. Таквата либералност дополнително се потврдува со стимулирањето на релативно краткиот временски период на фактички престанок на брачната заедница - 1 година како една од причините поради кои може бракот да се разведе.

[9] 1) тужениот бил неверен, но истовремено неверството е причина тужителот да не може повеќе да живее во таква заедница;
2) тужениот се однесувал на начин поради кој тужителот повеќе не може да живее во иста заедница;
3) тужениот го напуштил тужителот во непрекинат период од најмалку две години пред поднесувањето на тужбата;
4) двајцата брачни другари живееле одвоено непрекинато најмалку 2 год, кумулативно со согласност на тужениот;
5) двајцата брачни другари живееле одвоено најмалку 5 години

[10] В. Pheasant v Pheasant [1972] 1 ALL ER 587, кога судот го одбил барањето за развод на бракот и покрај фактот што брачната заедница очигледно не функционирала, поради причина што не бил докажан ниту еден од петте предвидени факти за развод на бракот. Имено, тужителот тврдел дека тужената не му покажала доволно внимание како причина за тој да не може да продолжи да живее во таква брачна заедница.

### 3. Услови за добивање на издржување

Со самиот факт на склучување на бракот во моментот кога брачните другари се потпишуваат во матичната книга на венчаните (во Република Македонија) или во други соодветни регистри (во други земји), се презема обврската за меѓусебно издржување во рамките на брачната заедница. За таквото издржување да продолжи и по престанување на бракот, потребно е да се исполнат условите предвидени со закон, односно брачниот другар што нема доволно сопствени средства за живот, а истовремено не е во можност самиот да ги стекне[11], да поднесе барање за издржување, а другиот брачен другар да е финансиски способен да го задоволи таквото барање „сразмерно со своите можности". Притоа, судот ги оценува и другите фактори кои потенцијално можат да влијаат, од една страна врз материјалната состојба на барателот на издржувањето, и од друга страна, врз материјалната состојба на потенцијалниот прима тел на издржувањето. Тие можат да бидат од субјективна природа (ако барателот на издршката го напуштил брачниот другар злонамерно и без оправдани причини, или грубо и недолично се однесувал кон него без сериозен повод, како причина судот да го одбие барањето) и од објективна природа (како што се времетраењето на брачната заедница[12], материјалната положба на барателот во моментот на склучување на бракот во однос на неговата материјална положба во моментот кога го поднесува таквото барање[13], или фактот што брачните другари подолго време не живеат заедно и секој сам се издржува). Исто така, судот може да го одбие барањето за

[11] не може да ги стекне ако е „неспособен за работа или без работа не по своја вина" - чл. 217 ст. 1 З.С. Според Законот за семејството на Бугарија (чл. 83), посебно се наведува дека причина за неспособноста за работа може да биде нарушена здравствена состојба и дополнително бременост или мајчинство.

[12] Судот може да го одбие барањето за издржување ако бракот траел кратко, без оглед дали барателот на издржувањето , во догледно време може да си обезбеди средства за издржување под услов барателот да не одгледува заедничко малолетно дете, чл. 222 ст. 2 З.С.

[13] Судот ќе го одбие барањето за издржување ако утврди дека брачните другари во подолг период на одвоен живот наполно самостојно обезбедувале средства за своето издржување, или ако од околностите на случајот се утврди дека брачниот другар кој бара издржување не е доведен во потешка материјална положба од онаа во која се наоѓал во моментот на склучување на бракот чл. 220 ЗС



издржување доколку оценил дека доделувањето на издржување би било очигледна неправда за другиот брачен другар[14].

Зависно од тоа, дали причините за материјалниот недостаток за сопствено издржување на барателот на издржувањето потекнуваат од самиот брак, или пак се должат исклучиво на лични карактеристики на брачниот другар кој не може сам да се издржува, системите на издржување може да се поделат на две групи:

1. издржување поради тоа што причината потекнува од самиот брак и
2. издржување независно од содржината и поделбата на обврските во бракот (доволна е причината „немање доволно средства").

Притоа во првата група се препознаваат Англија и Шведска, а во втората Холандија и Грција. Тенденцијата на македонскиот законодавец повеќе се движи кон втората категорија, бидејќи за основен го смета фактот на немање на средства за сопствено издржување, и дополнително го зема предвид факторот на вината, времетраењето на бракот итн. За разлика од нашето решение, во Шведска многу повеќе се посветува внимание на „оправданоста" на таквата ситуација. Имено, тука се тргнува од ставот дека секој сопруг е одговорен за своето издржување по разводот на бракот[15].

Така, недостатокот на средства на барателот на издршка и материјалната можност на тужителот да го задоволи таквото барање не се доволни за да се додели издржување. Причината за немањето на материјални средства мора да потекнува од самиот брак, а не од друг надворешен фактор.

Пример за тоа е пресудата на Врховниот суд која го одбива барањето за издржување[16] на педесет годишна жена во брак кој што траел 28 години. Имено, судот констатирал дека додека траел бракот причината за нејзината невработеност била нејзината болест (за која добивала соодветна социјална помош за боледување), а не нејзината посветеност за домаќинството и одгледување на заедничките деца.

[14] Чл. 219 ЗС

[15] Marriage Code, Chapter 6, section 7

[16] NJA 1998, p. 238

Во Шведска, доделувањето на издржување е повеќе исклучок од правилото бидејќи по разводот престануваат сите економски врски меѓу поранешните брачни другари. Така, постои можност да се одобри соодветна материјална помош додека трае „транзиционииот период" по разводот за брачниот другар кој има потреба за едукација, преквалификација или наоѓање на соодветно вработување[17]. Во пракса овој период трае најчесто 1 - 4 години по разводот, и целта е да се обезбеди оној брачен другар кој дотогаш се грижел за домот. Притоа, од големо значење е времетраењето на брачната заедница. Така, за кратки брачни заедници важи правилото на целосна економска самостојност на брачните другари по разводот. Во Законот за семејство не се наведува времетрањето на бракот како услов за доделување на издржување, но може да биде причина за судот да одлучи обврската за издржување да трае пократко или евентуално да го одбие барањето но само доколку барателот не одгледува заедничко дете.

Голема солидарност кон необезбедениот брачен другар покажуваат Грција и Холандија. Во овие земји, барањето за издржување може да се истакне и по подолг временски период по разводот (на пример по 12 години во Холандија[18]). Во Република Македонија издржувањето се бара во истата постапка во која бракот се разведува, но може да се поднесе и со посебна тужба во рок од една година по престанокот на бракот, само доколку условите за издржување постоеле во моментот на заклучување на главната расправа на постапката за развод и непрекинато траеле до заклучување на главната расправа во постапката за издржување.

## 4. Определување на издршката

Издржувањето секогаш се определува со процена на целокупната ситуација, сите моментални околности, како и антиципирање на идните, кои потенцијално можат да влијаат врз потребата за издржување. Согласно со тоа, не постои модел кој би го калкулирал издржувањето по „математичка формула".

[17] A. Agell, Autenskap, Samboende, Partnerskap, 1998, p. 62)

[18] Art 1: 57, Par 4, Dutch Civil Code



Кога станува збор за барателот на издржувањето, судот секогаш ја има предвид неговата имотна состојба кога ја оценува потребата за неговото издржување. Но, кога станува збор за утврдување на можностите на лицето кое е должно да дава издржување, според Законот за семејството, судот ги оценува „сите негови приходи и вистинските можности за стекнување на заработка". Од ваквата формулација не може да се извлече заклучок дека предмет на опсервација на судот е и неговата имотна состојба односно неговите капитални вредности, како предмет кој дополнително би го подобрил изгледот на неговата финансиска моќ, што пак, директно влијае за определување на износот на име издржување. За разлика од ваквата недореченост, во поголем број европски земји (како на пример во Англија, Шведска, Грција, Бугарија) изрично е предвидена обврската за достапност на информациите за целокупната финансиска состојба меѓу брачните другари кога се одлучува за издржувањето. Покрај тоа, судот може да определи таквите капитални вредности на лицето кое треба да дава издршка да бидат искористени за тоа да ја исполни својата обврска по повод издржувањето. Уште подалеку во испитувањето на целосната слика за материјалната положба на давателот на издржувањето, е можноста која што ја предвидува Грчкиот закон, кој дозволува да се земат предвид и приходите на брачниот другар, вонбрачен партнер од подоцна склучениот брак односно воспоставената брачна заедница при калкулирање на способноста за плаќање на издржувањето. Во Холандија пак, другиот брачен/вонбрачен другар може да влијае позитивно, односно да го зголеми износот на име издржување, доколку е поимотен[19], или негативно, односно да го намали износот на име на издржување, доколку нема извор на средства и е дополнителна обврска за издржување на давателот на издржувањето[20].

Во Англија и Шведска пак, можноста за влијанието на приходите на подоцнежниот брачен/вонбрачен другар е исклучиво негативна и во никој случај не може да се доведе подоцнежниот партнер да одговара со сопствени средства за поранешни обврски на својот партнер.

[19] Одлука на Врховниот суд , 30. 11. 1998 NJ 1999,102

[20] Одлука на Врховниот суд, 20. 10. 1995, NJ 1996, 91

Кај нас, при утврдување на можностите на лицето кое е должно да дава издржување, судот ќе ги земе предвид „неговите сопствени потреби и законските обврски по основа на издржувањето кон други лица", што значи дека ваквата обврска, никогаш нема да влијае врз намалување на имотот на подоцнежниот брачен/вонбрачен другар.

Во постапката за развод на бракот, може да се истакне и барањето за издржување на брачните другари покрај барањето за издржување на заедничките деца. Притоа кога тие се истакнати заедно, судот за нив одлучува во истата пресуда со која бракот се разведува, но за секое посебно. Од овој аспект не може да се говори за некој приоритет кога ваквите барања се поставени истовремено, иако во Конвенцијата за правата на детето[21], ратификувана од Република Македонија, секогаш од исклучително значење е „претежниот интерес на детето". Бугарија и Грција ги поставуваат на еднакво рамниште родителите и децата кога се одлучува за нивните права на издржување во постапката за развод. За разлика од нив, Англија и Шведска изрично наведуваат дека детето секогаш е во привилигирана положба кога неговото право на издржување конкурира со истото право на неговиот родител. Тоа е сосема коректно кога се има предвид фактот што основата на овие две барања е различен, едниот потекнува од родителското а другиот од брачното право. Пресуда на Врховниот суд на Холандија пак[22], констатира дека „нема одредба која што дава автоматски приоритет на правото на издржување на детето во однос на истото право на брачниот другар", но сепак не ја исклучува можноста, по разгледување на сите околности, да се фаворизира издржувањето на децата.

Кога судот одлучува во постапката за развод на бракот го испитува барањето за издржување на необезбедениот брачен другар, но не ја исклучува можноста брачните другари сами да се спогодат, во текот на постапката или по тоа[23], за начинот на кој ќе биде намирена оваа обврска. Во Холандија ваква спогодба, во форма на договор може да се склучи во текот на траење на

[21] Донесена на конференција на ОН 1989, ратификувана од сите европски земји, меѓу кои и Р.М.

[22] Врховен суд, 06.03. 1992, NJ 1992, 358

[23] Во рамки на рокот од една година по завршување на бракоразводната постапка, во кој може да се покрене барањето за издржување



бракот (не и пред да се склучи бракот). Во Шведска пак, ваквиот договор е многу честа пракса.

Интересен е ставот на грчкиот и шведскиот законодавец, кои што дозволуваат можност на брачните другари полноважно да се откажат од нивните идни права на издржување. Во Република Македонија откажувањето од правото на издршка нема правно дејство.

## 5. Извлекување на заеднички принципи во уредувањето на издржувањето како сублимација од споредбената анализа

Врз основа на идентичноста но и разликите во однос на решенијата за издржување на брачните другари по развод на бракот во земјите на Европската унија, може да се извлечат некои заеднички генерални принципи[24]. Овие принципи, од една страна ја обединуваат сличноста која постои во однос на регулирањето на издржувањето, поставувајќи ја на едно повисоко заедничко ниво, а од друга страна, ги маркираат и воочуваат разликите како патоказ за евентуално надминување на некои недостатоци или предложување на соодветни корекции. Генералниот заклучок е дека, уредувањето на издржувањето на брачните другари по развод на бракот не варира многу меѓу анализираните земји, и дозволува нивно сублимирање во заеднички основни принципи.

Меѓу генералните принципи се:

- одвоеност на постапката за развод на бракот и постапката за издржување на брачните другари и обединувачката врска која што постои меѓу нив;
- правило дека секој брачен другар се грижи за сопственото издржување по развод на бракот, и отстапувањето од таквото правило - доделување на издржување на необезбедениот брачен другар по негово барање во постапка и под услови определени со закон.
- Исполнување на условите предвидени со закон: на едната страна, барателот да нема средства за сопствено издржување, и на другата страна можност на другиот брачен другар да го задоволи таквото барање. При тоа, особено се

[24] Поставени на неофицијално ниво од експерти што се занимаваат со семејноправната материја во рамки на CEFL (Commission on European Family Law), основана во октомври 2001 год.

земаат предвид следниве фактори: способност за вработување, старост, здравствена состојба, грижа за чување и воспитување на деца, поделба на должностите во текот на бракот, времетраење на бракот, постоење на нов брак или вонбрачна заедница.

- Начинот на исплаќање на издржувањето: во редовни временски интервали или во целосна сума (доколку постои такво барање и судот го смета за оправдано според фактичките околности).
- Земање предвид на факторот на вина (лошо, грубо однесување на барателот на издржувањето кон давателот) како причина судот да го одбие, ограничи или прекине издржувањето.

Покрај ваквите Генерални принципи кои го определуваат самиот карактер на издржувањето, може да се извлечат и Посебни принципи кои се однесуваат на под-теми од областа на издржувањето, а кои ја комплетираат и заокружуваат неговата природа.

Така, првиот принцип се однесува за случај на постоење на повеќе барања за издржување кои меѓусебно си конкурираат. Тогаш, судот треба да даде приоритет на барањето на детето на давателот на издржувањето и да ја земе предвид секоја обврска за издржување на новиот сопруг.

Вториот принцип се однесува на времетраењето за кое може да се додели издржувањето. Правило е дека ќе гласи на определено време, а само по исклучок судот може да го определи на неограничено време.

Третиот принцип го третира прашањето за прекинување на обврската за издржување. Така, таа секогаш ќе престане ако примателот на издржувањето склучи нов брак или влезе во вонбрачна заедница. Еднаш прекинатата обврска за издржување не може повторно да се обнови доколку престанат новиот брак или вонбрачна заедница. Во секој случај, обврската за издржување престанува со смрт на било кој од засегнатите субјекти (нејзина непреносливост и врзаност исклучиво за личноста на која се однесува).

Четвртиот принцип се однесува на можноста на брачните другари да го уредат начинот на меѓусебното издржување со спогодба помеѓу нив.

На вака поставени основни принципи се темели и издржувањето според Законот за Семејството на Република Македонија.




**Резиме**

Во текстот е нагласена потребата за поголемо обединување на одредбите од семејното право во услови кога не е во целост хармонизирана оваа материја на полето на Европската унија.

Особено е приближена материјата за карактерот на издржувањето на брачните другари по развод на бракот, и односот меѓу разводот на бракот и издржувањето, компаративно во националното право на некои земји од Европската унија во релација со Семејното право на Република Македонија

Преку анализа за позитивните права и практичната имплікација на одредбите за издржувањето на брачните другари, поставен е систем на заеднички принципи кои ги доближуваат и обединуваат заедничките карактеристики, поставен како скелет на основа на кој може да се надградуваат останатите прашања за издржувањето, задржувајќи го притоа концептот на издржувањето како единствен.


**Elena IGNOVSKA**

**SPOUSE SUPPORT AFTER DIVORCE IN MACEDONIA AND IN SOME EU COUNTRIES**


**Abstract**

This paper looks into the perspectives and the need for wider unification of the provisions of family law, in the current context where the legislation is not sufficiently harmonized even in the European Union.

The author especially draws attention to the character of the spouse support after the divorce, the relationshio between the divorce and the support, comparing the national legislation in some EU countries with the Family law in the Republic of Macedonia. Through analysis of the positive rights and practical implication of the provisions for spouse support, s system of common principles has been established, incorporating the common characteristics; such system serves as a skeleton on which the other issues related to spouse support can be analysed, positioning the support as the central and unique concept for all.

**Литература:**

1. Stalford, *"Regulating Family life in post – Amsterdam Europe"*, 28 E.L. Rev 39, 2003

2. Hantrais, Letablier, *"Families and Family Policies in Europe"*, Longman 1996

3. Astrid Phenning, Thomas Bahle, *"Families and Family Policies in Europe - Comparative Perspectives"*, Peter Lang, Frankfurt am Main, 2000

4. Eugenia Caracciolo di Torella, Annick Masselot *"Under Construction: EU Family Law"*, European Law Revew, 2004

5. Peter McEleavy, *"*883 The Brussels II Regulation: How the European Community has moved into Family Law"*, International and Comparative Law Qarterly, October 2002

6. Velina Todorova, *"Bulgaria Report concering the CEFL Questionnaire on Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses"*, http:// www. law.uu.nl/priv/cefl

7. Achilles G. Koutsouradis *"Greece Report concering the CEFL Questionnaire on Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses"*, http:// www. law.uu.nl/priv/cefl

8. Maarit Jantera – Jareborg *"Sweden Report concering the CEFL Questionnaire on Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses"*, http:// www. law.uu.nl/priv/cefl

9. Nigel Lowe, *"England and Wales Report concering the CEFL Questionnaire on Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses"*, http:// www. law.uu.nl/priv/cefl

10. Katharina Boele – Woelki, Olga Cherednychenko, Lieke Coenraad, *"The Netherlands Report concering the CEFL Questionnaire on Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses"*, http:// www. law.uu.nl/priv/cefl

11. *Principles of European Family Law Regarding Divorce and Maintenance Between Former Spouses*, http:// www. law.uu.nl/priv/cefl